Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 82, 15 јуни 2012 година

јуни 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област социологија на културата и општа социологија на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент од научните области методи на теоријата на системот и системска анализа и теорија на одлучување на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот “English language teaching methods and approaches” („Методи и приоди во наставата по англиски јазик“) од авторите доц. д-р Нина Даскаловска и доц. д-р Билјана Ивановска од Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 16

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 18

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ "ENGLISH LANGUAGE TEACHING METHODS AND APPROACHES" („МЕТОДИ И ПРИОДИ ВО НАСТАВАТА ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК") ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р НИНА ДАСКАЛОВСКА И ДОЦ. Д-Р БИЛЈАНА ИВАНОВСКА ОД ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, како и Одлуката бр. 2402-110/15 од 54. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, одржана на 5 март 2012 година, се избрани рецензенти:

- доц. д-р Марија Кусевска, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Филолошки факултет;
- проф. д-р Виолета Димова, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Филолошки факултет.

за изготвување на извештај-рецензија на приложениот ракопис за интерна скрипта со наслов "English Language Teaching Methods and Approaches" („Методи и приоди во наставата по англиски јазик") од авторите доц. д-р Нина Даскаловска и доц. д-р Билјана Ивановска, наменет за студентите од прв циклус на додипломски студии на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип на Наставната насока.

По прегледот на ракописот, рецензентите до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот со наслов **"English Language Teaching Methods and Approaches"** („Методи и приоди во наставата по англиски јазик") од авторите доц. д-р Нина Даскаловска и доц. д-р Билјана Ивановска е материјал компатибилен со Наставниот план и содржините на предметот Теорија на методиката на наставата по англиски јазик и книжевност, кој се изучува на Наставната насока на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, на прв циклус додипломски студии во VI семестар со фонд на часови 2+2+1 и се вреднува со 8 кредити.

Ракописот е напишан во А4 формат, фонт Arial, големина 12. Текстот содржи 190 страници и е подготвен според пропишаната наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на овој предмет, а се однесуваат на подготовката на теоретскиот дел од овој предмет.

Приложениот ракопис е концизно учебно помагало кое во целост ги опфаќа сите поважни методи и приоди во изучувањето на англискиот јазик. Текстот е поделен во два дела и содржи вкупно 14 поглавја.

Првиот дел содржи две поглавја: First language acquisition и Second language acquisition, во кои се презентирани и објаснети теориите и хипотезите за усвојување на мајчиниот и странските јазици. Преку изложените теории и хипотези, студентите се запознаваат со механизмите и процесите на усвојување на мајчиниот и странските јазици, факторите кои влијаат на усвојувањето на јазиците, како и разликите во усвојувањето на мајчиниот и странските јазици.

Во вториот дел се дава преглед на методите и приодите во наставата по англиски јазик и содржи 12 поглавја: Introduction, The Grammar-Translation Method, The Direct Method, The Audiolingual Method, Total Physical Response, The Silent Way, Suggestopedia, Community Language Learning, Communicative Language Teaching, Task-Based Learning, The Natural Approach, Cooperative Language Learning. Во воведниот дел се истакнува потребата од запознавање со различните методи и приоди во изучувањето на англискиот јазик заради подобро разбирање на процесите на усвојување на англискиот јазик и

различните аспекти на учењето на јазикот. Познавањето на различните методи и приоди кои се користеле во наставата по англиски јазик ќе им овозможи на студентите стекнување на знаења за принципите врз кои се засноваат методите, техниките и активностите кои се карактеристични за нив, како и нивните предности и недостатоци. Врз основа на тое сознанија, тие ќе можат да донесат одлуки и заклучоци за тоа кој метод или комбинација на методи можат да го применат во одреден момент со одредена група ученици заради постигнување на одредена цел. Во наредните поглавја се презентирани методите и приодите во изучување на англискиот јазик и секое од нов содржи вовед во кој е даден историскиот момент и причините за развивање на дадениот метод, принципите и процедурите кои се карактеристични за тој метод, техниките и активностите кои се користат за совладување на јазикот, како и предностите и недостатоците на истиот.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата го предлага следниов

**З А К Л У Ч О К**

Ракописот со наслов **“English Language Teaching Methods and Approaches”** („Методи и приоди во наставата по англиски јазик“) од авторите доц. д-р Нина Даскаловска и доц. д-р Билјана Ивановска претставува ракопис кој стручно и научно е соодветно конципиран. Квалитетот, содржината, обемот и прегледноста даваат можност за успешно следење и подготвување на теоретскиот дел од испитот по наведениот предмет.

Разработените содржини се во согласност со Наставниот план и содржините на предметот Теорија на методиката на наставата по англиски јазик и книжевност за студентите од Наставна насока на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на интерна скрипта според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип скриптата со наслов “English Language Teaching Methods and Approaches” од авторите доц. д-р Нина Даскаловска и доц. д-р Билјана Ивановска да го прифати за печатење како ИНТЕРНА СКРИПТА.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Марија Кусевска, с.р.**
**Проф. д-р Виолета Димова, с.р.**